Australia's Disability Strategy 2021–2031

Creating an inclusive community together

## СОДРЖИНА

1. Советодавен совет на Стратегијата (Совет)
2. Јавни форуми и консултации заради поддршка на примената на Стратегијата
3. Веб-страница на Стратегијата
4. Упатство за правилно ангажирање на луѓе со попреченост
5. Ревизии на Планот за ангажирање

# План за ангажирање

Во Планот за ангажирање во Австралиската Стратегија за попреченост (Australia's Disability Strategy Engagement Plan, План за ангажирање) се опишуваат начините на кои луѓето со попреченост ќе бидат вклучени во примената на Австралиската Стратегија за попреченост (Australia's Disability Strategy, Стратегија) во текот на нејзиниот мандат. Тоа вклучува имање улога во следењето и известување на нејзиниот напредок. Елементите на Планот за ангажирање ќе им дадат на луѓето со попреченост начини да влијаат на идните правци на политиките и услугите кои влијаат на нивните животи.

За Стратегијата да биде ефикасно применета, мора да бидат слушнати и земени предвид погледите на луѓето со попреченост, заинтересираните страни во секторот за попреченост и на различни групи во секторот. Ангажирањето со групи како што се луѓето со попреченост кои се Абориџини и/или по потекло од островите во Теснецот Торес, како и со лица со попреченост од заедници со културно и јазички разнолични потекла, ќе обезбеди вклученост и земање предвид на широк опсег мислења.

## 1. Советодавен совет на Стратегијата (The Strategy Advisory Council, Совет)

Формирањето на Советот се совпадна со почетокот на Стратегијата во 2021 година. Улогата на Советот е да ги советува министрите за попреченост на Австралија и на државите и териториите, и владите (вклучително локалните органи на управа) за главните елементи на Стратегијата, вклучително:

- Планови за насочени акции
- Здружени планови
- Рамка на резултати
- периодични извештаи за напредок/примена.

Советите на Советот за овие прашања ќе:

- бидат во рамките за известување на Стратегијата и вклучени во известувањата на министрите и јавноста
- даваат совети за други прашања што спаѓаат во делокругот на областите на резултати на Стратегијата (Strategy's Outcome Areas), ако се согласат државите и териториите.



Основното членство на Советот ќе биде рационализирано и земено од клучните групи на заинтересирани страни[1]. Најмалку половина од членовите ќе бидат луѓе со попреченост. Приоритетни групи за земање предвид за членување во Советот вклучуваат:

- луѓе по потекло Абориџини и од островите во Теснецот Торес
- луѓе од заедници со културно и јазички разнолични потекла
- жени
- млади лица
- лица со животно искуство во рурални и далечни заедници.

Претседавачот на Советот ќе присуствува на еден состанок на министри за попреченост секоја година заради советување на министрите за попреченост.

Советот ќе биде тесно поврзан со советодавни тела за попреченост на државите и териториите.

Советот може да има поддршка од подгрупи на ограничено време по потреба, за да собере заедно луѓе со попреченост и нивни претставници, стручњаци и организации заради советување за прашања што имаат висок приоритет за делување според Стратегијата.

## 2. Јавни форуми и консултации заради поддршка на примената на Стратегијата

Ќе се одржи најмалку еден јавен форум или консултација заради поддршка на примената на Стратегијата секоја година од 2022 до 2031 (видете ја хронологијата на патната мапа на веб-страницата на Стратегијата) што ќе се состои од:

- три Национални јавни форуми за Стратегијата (Strategy National Public Forums, Национален јавен форум) во текот на примената на Стратегијата, при што првиот ќе се одржи во 2022 година
- најмалку четири форуми за Стратегијата на ниво на држава или територија во текот на примената на Стратегијата, во годините кога Националниот јавен форум нема да се одржи
- три јавни консултации во текот на примената на Стратегијата, за да бидат во склад со големи ревизии на Стратегијата, вклучително една во годината пред завршувањето на примената на Стратегијата.

Луѓето со попреченост и организациите како што се Австралиската комисија за човечки права, организации на луѓето со попреченост и организации на претставници за попреченост ќе бидат вклучени во замислувањето, организирањето и одржувањето на јавните форуми и консултации.



## 3. Веб-страница на Стратегијата

Посебна веб-страница е создадена за полесно наоѓање на најнови информации за Стратегијата. Тоа вклучува:

- информативна порта за обезбедување достапно место за информации за Стратегијата, вклучително Рамката на резултати (Outcomes Framework) и планови за насочени акции (Targeted Action Plans), заради зголемување на свеста и овозможување на корисниците лесно да го најдат тоа што го бараат
- настани и рубрика „Што е ново“ заради давање најнови информации за претстојни настани од Планот за ангажирање, како што се јавни форуми и консултации, како и објавување на клучни информации и политики
- онлајн служба за коментари заради овозможување на постојано консултирање со целата заедница, што ќе биде активна додека постои Стратегијата.

## 4. Упатство за добра практика за ангажирање на луѓе со попреченост

Австралиската влада го финансира подготвувањето на Упатство за добра практика за ангажирање на луѓе со попреченост. Луѓето со попреченост кои дадоа совети за подготвувањето на Стратегијата ни рекоа дека водич за добра практика за ангажирање ќе биде вреден ресурс. Овој водич ќе помогне да се отстранат пречките за учество на луѓето со попреченост и ќе ги поддржи правата на луѓето со попреченост да имаат пристап до истите можности во заедницата како секој друг.

Упатството ќе биде подготвено од една или повеќе невладини организации со знаења за животно искуство со попреченост и во ангажирањето и комуницирањето со луѓе со попреченост. Самите луѓе се попреченост ќе биде централно вклучени и ќе даваат совети за упатството во текот на неговото подготвување.

## 5. Ревизии на Планот за ангажирање

Во текот на примената на Стратегијата, Австралиската влада ќе продолжи да ја разгледува ефикасноста на активности на ангажирање и ќе истражува нови форуми на ангажирање. Планот за ангажирање ќе биде обновуван по потреба.

---

[1] Клучните групи на заинтересирани страни ги вклучуваат луѓето со попреченост, членовите на семејство и негувателите на луѓето со попреченост, организации што ги застапуваат луѓето со попреченост, членови на семејство, негуватели или даватели на услуги, технички стручњаци и научници; организации или поединци кои ги претставуваат главните сектори усогласени со областите на резултати на Стратегијата.